**Архивски број: 08-387/8**
**Датум: 26.09.2025 година**

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) и став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), постапувајќи по Претставка бр. 08-387/1 од 28.04.2025 година, поднесена од страна на ----- со адреса на престој на -----, Скопје и по Претставка бр. 08-389/1 од 29.04.2025 година, поднесена од страна на ----- со адреса на живеење на -----, Ресен против Министерството за -----, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, двете споени со Заклучок бр. 08-389/2 од 20.06.2025 година и Заклучок бр. 08-387/4 од 20.06.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за ----- кон лицата ----- и -----.**

## Образложение

Од страна на лицето ----- со адреса од документ за лична идентификација -----, Прилеп, а со адреса на престој на -----, Скопје на ден 28.04.2025 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството за ----- (во натамошниот текст: Министерството), заверена со бр. 08-387/1. Како прилог кон претставката подносителот доставува Решение бр. ----- од ----- година, Приговор од подносителот во Министерството заверено со бр. ----- од ----- година и Процедура за ------ бр. ----- од ----- година на Министерството, сите во копија. Подносителот доставува доуредувања кон претставката, заверени со бр. 08-387/3 од 03.06.2025 година, бр. 08-387/5 од 07.07.2025 година и бр. 08-387/6 од 08.07.2025 година.

Од страна на лицето ----- со адреса на живеење -----, Ресен на ден 29.04.2025 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството, заверена со бр. 08-389/1. Истата ја доредува со бр. 08-389/5 од 24.07.2025 година, бр. 08-389/6 од 05.08.2025 година и бр. 08-389/7 од 26.08.2025 година.

Од причина што двете наведени претставки се однесуваат за иста правна работа и на ист потенцијален дискриминатор, Комисијата донесе Заклучок бр. 08-387/4 од 20.06.2025 година и Заклучок бр. 08-389/2 од 20.06.2025 година, со кој двете претставки се спојуваат.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

* * *

Подносителот ----- во претставката наведува дека во Министерството бил вработен на работно место ----- во -----, но со Решението бр. ----- од ----- година му е откажан договорот за вработување со отказен рок во траење од 1 (еден) месец, сметано од денот на врачувањето на решението, поради потешко кршење на работната дисциплина согласно -----, а во врска со -----, на начин што не ги извршувал или несовесно и ненавремено ги извршувал работните обврски, не се придржувал кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место, постапил спротивно на правилата и прописите на Министерството и го злоупотребил или пречекорил даденото овластување.

Како што наведува подносителот, на наведеното Решение со кое му се откажува договорот за вработување му претходи неосновано, незаконски и тенденциозно покрената и паушално водена дисциплинска постапка и поднесување на кривична пријава кои за предмет ја имаат работата на подносителот како член на Комисијата за ревизија на -----, формирана со Решение бр. ----- од ------ година на Министерството (во натамошниот текст: Комисијата за ревизија). Имено, подносителот првенствено наведува дека со Решението со која е формирана Комисијата, на истата не и се дава надлежност поголема од Законот за ----- и Процедурата за -----, туку единствено се утврдува дека Комисијата за ревизија има за задача да врши ревизија на предлозите за издавање одобрение за ----- и да ја оцени нивната усогласеност со Законот за -----. Понатаму во следниот став на точка II. од Решението е уредено дека Комисијата за ревизија за својата работа логистичка поддршка ќе добива од -----.

Понатаму, подносителот истакнува дека од страна на Одделението за дисциплински постапки, односно составот кој постапувал во постапката која се водела против него, првенствено не му била дадена можност да изврши увид во доказните материјали, документацијата за предметите кои му се ставаат на товар, кои во Предлогот за покренување на постапка и утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина со бр. ----- од ----- година поднесен од страна на ----- не се прецизирани, туку само е наведена бројка од 5470 предмети. На подносителот ниту му била дадена можност да спреми соодветна одбрана, а составот на Одделението за дисциплински постапки првенствено не го земала во предвид и не постапила ни по Барањето на подносителот за враќање на предлогот за покренување на постапка и утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина заради негово доуредување, а ниту му било овозможено и правото на изведување на неговите докази.

Во својата претставка, подносителот ----- укажува и за тоа дека од страна на составот на Одделението за дисциплински постапки, во текот на постапката воопшто не била земена во предвид неговата поранешна работа и однесувањето, фактот дека за 25 години работен однос во Министерството, против него никогаш претходно не била покрената дисциплинска постапка, не бил казнуван, бил наградуван за својата работа, и тоа само во последните 4 (четири) години бил наградуван со највисокото признание на -----, од страна на двајца различни министри, ----- и -----.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во претставката за заштита од дискриминација, подносителот наведува дека истата ја поднесува од причина што смета дека наведената дисциплинска постапка која бездруго е беспредметна е покрената само кон него и уште неколку лица, членови на Комисијата за ревизија која претставува ad hoc тело формирано со решение на Министер без законска надлежност за носење било какви одлуки и дека единствено кон нив е изречена најстрогата дисциплинска мерка, додека други лица вработени во Министерството кои согласно Законот за ----- и Процедурата за ----- се распоредени на работни места кои се неминовен дел од постапката за -----, воопшто не се покренати дисциплински постапки или пак доколку се покренати истите се завршени со поблаги дисциплински мерки. Имено, на помошникот Министер за -----, кој согласно претходно наведените законски и подзаконски акти, е субјект кој е одговорен за спроведување на процедурата, односно согласно истата се јавува како потписник на одобренијата по позитивно донесени одлуки, е и заменик член на истата Комисија за ревизија, изречена му е поблага дисциплинска мерка, распоредување на работно место на едно ниво пониско. Вработената -----, ----- на ------ која согласно Процедурата за ----- е надлежна за контрола и надзор на активностите околу постапката за -----, односно со своерачен потпис потпишува одобренија на место контролирал при позитивна одлука, која како и подносителот исто така е и член на Комисијата за ревизија формирана со Решение бр. ----- од ----- година, за истата предметна работа е казнета само со парична казна. Понатаму, во конкретниот предмет кој се однесува на лицето -----, за кој се товари во дисциплинската постапка подносителот, против надлежните субјекти за постапување од ----- и -----, воопшто не се покренати дисциплински постапки.

Исто така, подносителот наведува дека дискриминацијата која ја чини Министерството кон него и уште неколку членови од Комисијата за ревизија се гледа во фактот дека актуелниот Министер за -----, ----- тенденциозно донел Решение за контрола над работата за предмети од 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година на Комисијата за ревизија формирана со Решение бр. ----- од ----- година, но од негова страна не е донесено решение со кое ќе се спроведе контрола на работата на Комисиите за ревизија на позитивно одлучените барања за -----, формирани со други решенија и за друг временски период, иако и другите Комисии расправале и постапувале по предметите за кои се товари подносителот.

Во своето доуредување од 07.07.2025 година подносителот ----- доставува копија од Записникот за одржана расправа по предлог за утврдување на одговорност бр. ----- од ------ година на Секторот за дисциплински постапки при Министерството, а во доуредувањето од 08.07.2025 година, подносителот истакнува дека во јули 2024 година, од страна на новото раководство на Министерството му е побарано да потпише писмена изјава со која од лични причини бара да биде распореден на едно место пониско од тогаш актуелното.

Во својата претставка, односно во Доуредувањето кон истата од 03.06.2025 година, заверено во Комисијата со бр. 08-387/3, подносителот -----, истакнува дека дискриминаторското постапување на Министерството кон него е по претпоставена политичка причина бидејќи истиот бил на раководни позиции во време кога на власт


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

била друга политичка гарнитура, иако тој не е политички определен, како што е и уредено со интерните акти на Министерството.

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата достави Барање за произнесување по наводите од претставката заверено со бр. 08-378/4 од 27.06.2025 година до Министерството -----. Од страна на Министерството доставено е Произнесување, во Комисијата заверено со бр. 08-387/7 од 11.07.2025 година, во кое Министерството не приложува докази со кои ги порекнува, односно ги побива наводите од претставката на подносителот и ги потврдува своите ставови, туку единствено наведува дека решението за откажување на договорот за вработување на подносителот било донесено во законска постапка, а по однос на останатите наводи од претставката, ги дава следните образложенија:

- во врска со тоа што подносителот не доставил докази во прилог на претставката за да го докаже основот, политичка, односно претпоставена политичка припадност, претставката треба да се третира како неоснована;
- во врска со наводите на подносителот дека не му било овозможено да изврши соодветен увид во доказните материјали, Министерството наведува дека на подносителот увидот му бил овозможен во моментот пред истиот да даде изјава, и дека истиот претходно не побарал писмено да изврши увид;
- во врска со наводите дека тој како член на Комисијата за ревизија немал надлежност да прима барања и да носи одлуки по истите, наведуваат дека тој не се товари за такви повреди, туку тој како член на Комисијата за ревизија бил должен внимателно да врши ревизија, за да утврди дали одредено позитивно одлучено барање е неосновано;
- во однос на наводите дека подносителот е дискриминиран во однос на други колеги, потенцираат дека во конкретниот случај се работи за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина и тоа за секој работник поединечно, врз основа на приложени докази и дека не постојат два исти предмети, односно не може да се направи компарација со друг предмет, како што навел подносителот во претставката, каде наведува имиња на други вработени;
- во врска со наводите дека постои дискриминација во однос на изречените мерки, истакнуваат дека тие наводи се неосновани, со оглед на тоа дека секоја мерка е изречена согласно оцената на доказите и утврдената фактичка состојба и тоа поединечно за секој работник;
- ги оспоруваат наводите дека во предметот се земени во предвид 2020, 2021, 2022 и 2023 година, од причина што овластениот предлагач е тој кој утврдува на кој начин и од кои работници е сторено кршењето на работниот ред и дисциплина, а при тоа земајќи ги во предвид роковите за застареност за водење на дисциплинска постапка, утврдени со Законот за -----, па оттука причина поради која за одредени службени лица не се поведени дисциплински постапки е бидејќи настапила апсолутна застареност за водење на дисциплинска постапка, но затоа во однос на кривичната одговорност од страна на ----- е поднесена

кривична пријава со која се опфатени поголем број на вработени во Министерството.

* * *

Подносителот ----- во претставката и нејзините доуредувања наведува дека во Министерството бил вработен на работно место ----- во -----, но со Решението бр. ----- од ----- година му е откажан договорот за вработување со отказен рок во траење од 1 (еден) месец, сметано од денот на врачувањето на решението, поради потешко кршење на работната дисциплина согласно ----- на Министерството -----, на начин што не ги извршувал или несовесно и ненавремено ги извршувал работните обврски, не се придржувал кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место, постапил спротивно на правилата и прописите на Министерството и го злоупотребил или пречекорил даденото овластување.

И подносителот ----- со Решение бр. ----- од ----- година на Министерството со кое се формира Комисијата за ревизија на позитивно одлучените барања -----, е назначен за член на истата и тој како и подносителот ----- во својата претставка наведува дека на наведеното Решение со кое му се откажува договорот за вработување му претходи неосновано, незаконски и тенденциозно покрената и паушално водена дисциплинска постапка и поднесување на кривична пријава кои за предмет ја имаат работата на подносителот како член на Комисијата за ревизија на позитивно одлучените барања -----, формирана со Решение бр. ----- од ----- година на Министерството. Во својата претставка, подносителот -----, исто така дава осврт на надлежноста на Комисијата за ревизија, на начин презентиран како и од страна на подносителот -----, потенцирајќи ја улогата на сите инволвирани субјекти во постапката за ----- согласно Законот за ----- и Процедурата -----.

Подносителот ----- во својата претставка истакнува наводи дека му е ускратено правото за вршење на соодветен увид во доказните материјали, документацијата за предметите кои му се ставаат на товар, кои во Предлогот за покренување на постапка и утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина со бр. ----- од ----- година поднесен од страна на ----- не се прецизирани, туку само е наведена бројка од 5470 предмети. На подносителот ниту му била дадена можност да спреми соодветна одбрана, а составот на Одделението за дисциплински постапки кое постапувало во неговиот случај, првенствено не го земала во предвид и не постапила ни по Барањето на подносителот за враќање на предлогот за покренување на постапка и утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина заради негово доуредување, а ниту му било овозможено и правото на изведување на неговите докази, односно биле изведени само доказите кои биле предложени од поднесувачот на Предлогот. Увид му бил дозволен на самата расправа и тоа во само 2 (два) предмети и по однос на истите било побарано да даде кратка изјава.

Во својата претставка, подносителот ----- укажува и за тоа дека од страна на составот на Одделението за дисциплински постапки, во текот на постапката воопшто не била земена во предвид неговата поранешна работа и однесувањето, фактот дека


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

за 19 години работен однос во Министерството, против него никогаш претходно не била покрената дисциплинска постапка, не бил казнуван, бил наградуван за својата работа, со највисокото признание на -----, а исто така има добиено и две први награди за најуспешни меѓународни реализации на случаи поврзани со ----- во рамки на меѓународната организација -----.

Како и подносителот -----, така и подносителот ----- во претставката за заштита од дискриминација наведува дека истата ја поднесува од причина што смета дека наведената дисциплинска постапка која бездруго е беспредметна е покрената само кон него и уште неколку лица, членови на Комисијата за ревизија која претставува ad hoc тело формирано со решение на Министер без законска надлежност за носење било какви одлуки и дека единствено кон нив е изречена најстрогата дисциплинска мерка, додека други лица вработени во Министерството кои согласно Законот за ----- и Процедурата за ----- се распоредени на работни места кои се неминовен дел од постапката за -----, воопшто не се покренати дисциплински постапки или пак доколку се покренати истите се завршени со поблаги дисциплински мерки. И подносителот -----, во својата претставка за споредба ги наведува случаите со помошникот Министер за -----, ----- на ------, ----- и надлежните субјекти за постапување од ----- и -----, на начин презентиран како и од страна на подносителот -----.

Подносителот ----- во својата претставка наведува дека и Министерот при носењето на Решението со кое му се откажува договорот за вработување излегол надвор од содржината и описот на повредите наведени во Предлогот за покренување на постапка и утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина, со тоа што се ставил и во улога на предлагач и додал сторени повреди од Етичкиот Кодекс кои воопшто не биле предмет на Предлогот за покренување на постапка и утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина, ниту за истите станало збор на расправата по истиот. Ваквиот чин на Министерот, подносителот ----- наведува дека направил тој да се почувствува вознемирено и дискриминирано, дека таквиот понижувачки третман кон него постои од самиот почеток на започнување на дисциплинската постапка. Понатаму, наведува за целосната нетемелност, паушалност и тенденциозност на наводите во Решението со кое му се откажува договорот за вработување, дека Комисијата застарила предмети и за 2024 година, а Комисијата за ревизија е разрешена со Решение бр. ----- од ----- година, донесено од страна на Министерот. Во истото Решение, рокови во кои треба да се постапува по однос на барањата за -----, се наведуваат рокови согласно Законот -----, не земајќи ги во предвид роковите предвидени со ----- од Законот за -----, а сето тоа, подносителот наведува дека е од причина да не пропадне дисциплинската постапка, која доколку правилно се презентирала фактичката состојба истата би пропаднала.

Во својата претставка, подносителот -----, како причина за дискриминаторскиот и однос и селективноста на Министерството посочува дека е тоа што тој, како и уште неколку други колеги во Комисијата за ревизија се назначени од поранешниот Министер, кој е различна политичка провиниенција од актуелниот Министер.

Во своето доуредување од 05.08.2025 година, во Комисијата заверено со бр. 08-389/6, подносителот ----- дава појаснување дека во јуни 2024 година, од страна на новото раководство на Министерството е разрешен од актуелната позиција ----- на ----- на пониско ниво, и за истото му е побарано да напише барање дека се согласува, иако спротивно на неговата волја.

И по однос на наводите од претставката на подносителот -----, Комисијата согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Барање за произнесување по наводите од претставката заверено со бр. 08-389/3 од 02.07.2025 година до Министерството за внатрешни работи. Од страна на Министерството доставено е Произнесување, во Комисијата заверено со бр. 08-389/4 од 22.07.2025 година, кое по својата содржина и изнесените наводи во истото е идентично со содржината на Произнесувањето кое Министерството го достави до Комисијата по однос на претставката од подносителот -----, кое во Комисијата е заверено со бр. 08-387/4 од 11.07.2025 година.

* * *

Земајќи ги во предвид сите наводи и докази изнесени во претставките на подносителите и нивните доуредувања и дополнувања, како и содржината на произнесувањата на Министерството, Комисијата ценеше дека во двата случаи, и во случајот на ----- и во случајот на ----- од страна на Министерството кон нив е сторена директна дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи.

Со одредбата од членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се утврдуваат дискриминаторските основи, меѓу кои Законот го утврдува и политичкото уверување на граѓаните како дискриминаторска основа, додека со одредбата од член 8 став (1) од истиот Закон, директната дискриминација е уредена на следниот начин: *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*".

Па во смисла на претходно наведените законски одредби, ценејќи ги аргументите и доказите на двајцата подносители на претставките и на Министерството, Комисијата одлучи како во диспозитивот на Мислењето. Имено, подносителите на претставките во содржината на истите наведуваат и дискриминаторска основа за чија причина даваат образложение и исто така наведуваат и конкретни компаратори, вработени во Министерството, кои се наоѓале во иста фактичка споредлива или слична ситуација. Односно, тврдењето на подносителите на претставките дека врз нив Министерството сторило дискриминација поради политичко уверување го имаат сторено веројатно, со што во смисла на одредбата од член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, товарот на докажување, преминува на Министерството, кое и по однос на двете претставки достави Произнесувања, по содржината целосно


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

идентични. Во Произнесувањата, Министерството не успеа да даде аргументација, ниту пак достави докази, со кои ги поби наводите и тврдењата на двајцата подносители изнесени во своите претставки. Оттука, видно од кратката содржина на Произнесувањата на Министерството, истото не докажа дека неговите дејствија кои резултирале со донесување на Решенија со кои им бил откажан договорот за вработување на подносителите, ----- и ------, не биле дискриминирачки врз наведената основа. Министерството во своите Произнесувања не ја оправда легитимноста на откажувањето на договорите за вработување на двајцата подносители како дисциплинска мерка, споредено со компараторите на кои им се изречени поблаги дисциплински мерки или оние против кои и воопшто не се поведени дисциплински постапки, иако дел од компараторите кои подносителите ги наведуваат, согласно актот за систематизација на работните места во Министерството, се распоредени на работни места, кои по описот на работните задачи и надлежности се директни учесници во постапката за -----, со одговорности уредени со Законот за ----- и Процедурата за ------.

Нееднаквото постапување на Министерството кон двајцата подносители на претставките, се увиде во селективниот пристап за покренување на дисциплинска постапка за иста повреда, како и во изрекувањето на дисциплински мерки на членовите на Комисијата за ревизија. Имено, во делот I од Решението со кое се формира Комисијата за ревизија, која меѓудругото е формирана единствено согласно членот 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/8, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), се уредува дека „**Комисијата** од делот I на ова решение **има задача** да врши ревизија...". Во Решението не е уредено дека членовите на Комисијата за ревизија постапуваат поединечно, туку нивната работа е колективна. Токму тука, се гледа нееднаквиот третман на Министерството кон подносителите на претставките ----- и -----, на кои им е изречена најстрога дисциплинска мерка – откажување на договорот за вработување, споредено со еден од компараторите, -----, исто така член на Комисијата за ревизија, и ----- на ----- и која согласно Процедурата за -----, била надлежна за контрола и надзор на активностите околу постапката за издавање на одобренија и дозволи за -----, имала активна улога во постапката за одбренија и дозволи за -----, а на која за истата предметна работа и е изречена дисциплинска мерка – парична казна и воедно споредено со вториот компаратор, -----, помошникот Министер за ----- во -----, кој е заменик член во Комисијата за ревизија, и кој согласно Процедурата за -----, е и субјект кој е одговорен за спроведување на процедурата, односно согласно истата се јавува како потписник на одобренијата по позитивно донесени одлуки, а на кој изречена му е поблага дисциплинска мерка – распоредување на работно место на едно ниво пониско од работното место на кое дотогаш работел.

Понатаму, нееднаквиот третман, видно од расположливите докази со кои располагаше Комисијата, Министерството го сторило со тоа што за истата правна работа, ги товари и казнува подносителите на претставката ---- и -----, како членови на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за ревизија, чија задача е погоре во содржината образложена. Додека пак кон некои од вработените кои се распоредени на работни места кои согласно Процедурата за ----- имаат активна улога во постапката за -----, Министерството или има покренато дисциплинска постапка и има изречено благи дисциплински мерки, или пак воопшто нема покренато дисциплински постапки, како што е случајот со вработените – надлежни субјекти за постапување, вработени во ----- и -----.

Summa Summarum, нееднаквиот третман и понеповолното постапување на Министерството кон подносителите на претставките ----- и -----, споредбено со погоренаведените компаратори, претставува директна дискриминација, која резултира со најстрога дисциплинска мерка – откажување на договорот за вработување, односно донесените Решенија со кои на подносителите им се откажува договорот за вработување, претставуваат производ на нееднаквиот третман и понеповолно постапување на Министерството кон подносителите на претставката, споредбено со наведените компаратори кои се наоѓаат во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

* * *

**Согласно се горенаведено, Комисијата утврди дека од страна на Министерството за ----- е сторена директна дискриминација кон подносителите врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, и се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење, а согласно одредбите од ставот (2) од членот 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните:**

## П Р Е П О Р А К И

1. **СЕ ПРОПОРАЧУВА Министерството за ----- да го поништи Решението бр. ----- од ----- година со кое на лицето ----- му се откажува договорот за вработување со отказен рок во траење од 1 (еден) месец, сметано од денот на врачувањето на решението,** поради потешко кршење на работната дисциплина согласно ----- од Колективниот договор на Министерството за -----, а во врска со ----- од Законот за -----, на начин што не ги извршувал или несовесно и ненавремено ги извршувал работните обврски, не се придржувал кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место, постапил спротивно на правилата и прописите на Министерството и го злоупотребил или пречекорил даденото овластување. **Се препорачува Министерството за ----- да ја спроведе дадената препорака во рок од 60 дена од денот на прием на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**
2. **СЕ ПРОПОРАЧУВА Министерството за ----- да го поништи Решението бр. ----- од ----- година со кое на лицето ----- му се откажува договорот за вработување со отказен рок во траење од 1 (еден) месец, сметано од денот на врачувањето на решението,** поради потешко кршење на работната дисциплина согласно ----- од Колективниот договор на Министерството за ----- односно не ги извршувал

или несовесно и ненавремено ги извршувал работните обврски, не се придржувал кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место, постапил спротивно на правилата и прописите на Министерството и го злоупотребил или пречекорил даденото овластување. **Се препорачува Министерството за внатрешни работи да ја спроведе дадената препорака во рок од 60 дена од денот на прием на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

3. СЕ ПРЕПОРАЧУВА **Министерството за ----- во иднина да се воздржи** од преземање на постапки со кои кон едно или повеќе лица, вработени во Министерството би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група лица, вработени во Министерството, во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

**Доколку Министерството не постапи согласно наведените препораки, согласно своите надлежности уредени со одредбата од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

**Скопје,**
**15.09.2025 година**

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
**Претседател на Комисијата**
**Лимко Бејзароски**

**Доставено до:**

- Подносителите;
- Министерство за внатрешни работи;
- Архива на Комисијата;


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk